УДК 93/99 ISSN 0583-4961

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

# ГЛАСНИК

ГЛАСНИК год. 63 бр. 1-2 стр. 1-224 Скопје 2019

СТАТИИ

УДК: 94(38+381)

# ЗА СОВЛАДЕТЕЛСТВОТО НА ДЕМЕТРИЈ II

*Стефан Пановски*
научен соработник/доцент
во Институтот за национална историја – Скопје
*Војислав Саракински*
вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје

Abstract

The aim of this paper is to review once more the evidence for the alleged co-regency of Gonatas and Demetrios II, as well as the interpretations offered by modern historians. While it is accepted that, considering all the evidence, the theories of both R. M. Errington and E. Grzybek are untenable, it is maintained that contrary to the opinion of a number of historians, the question is still far from settled. The contradictions in the sources remain unresolved, and most of the offered explanations are unconvincing or at the very least hypothetical, which is why the firm stance on the issue taken by some researchers (whether for or against a co-regency) seems unfounded. Considering the scarcity and the contradicting nature of the available evidence, a definitive solution of the issue remains impossible until a new piece of information presents itself.

**Keywords**: Demetrios Poliorketes, Demetrios II, Antigonos Gonatas, co-regency.

*„Corrupt texts and scrappy historical information – these are the materials the ancient historian has to work with, even in the best-documented periods, such as the late Republic. And they react on each other: the scrappiness of our information prevents textual corruption from being healed so as to make information recognisable and usable, and the corrupt texts conceal a great deal that is never allowed to emerge."*

*E. Badian*

*„The record of this world is a wreck, the worst wreck in all Greek history. For eighty years we have no attempt at a continuous narrative, unless such wretched stuff as Justin's compilation can be dignified by that name; for large sections of these eighty years we have no attempt at a narrative at all."*

*W. W. Tarn*

Владеењето на Деметриј II останува најзагадочно од она на сите други владетели од домот на Антигонидите.[1] Во зачуваните извори има толкави празнини што честопати е тешко да се протолкуваат дури и оние малобројни собитија што воопшто дошле до нас. Тема на овој труд е токму еден од таквите нерешени проблеми: прашањето за наводното совладетелство на Антигон Гоната и Деметриј II. Нашата главна цел не е да дадеме дефинитивен одговор на прашањето – зашто состојбата со изворите сѐ уште не го овозможува тоа – туку поскоро да ги исцртаме тековните сознанија и најновите ставови на современите историчари.

1. Научната расправа започнува во средината на минатиот век, кога е објавен еден натпис за манумисија од Бероја.[2] Во самата манумисија нема ништо чудно, со тоа што тука е проследена и со ограничување за *paramone*;[3] интересно е тоа што, според изворниот текст, ова се случува „во дваесет и седмата година од владеењето на кралот Деметриј“. Како што знаеме, ниту Деметриј Полиоркет, ниту Деметриј II не владеел толку долго; издавачот на натписот објаснува дека во текстот станува збор за Деметриј II, кој најдоцна до 257/6 г. ст. е. бил прогласен за совладетел на Антигон Гоната.

Во општи рамки, повеќето истражувачи го прифатиле ваквото решение.[4] Еден од малкутемина што го оспорил е Р. М. Ерингтон, кој мисли дека спомнатиот Деметриј е, всушност, Деметриј Полиоркет. Ерингтон претполага дека, поради несигурната и нестабилна состојба во Македонија во тоа време, властите во Бероја продолжиле да ги датираат документите според владеењето на Полиоркет, без оглед на тоа што тој одамна не бил крал на Македонија, а згора на тоа веќе бил и починат; а бидејќи натписот палеографски се датира во втората половина на III век г. ст. е., Ерингтон спекулира дека станува збор за препис на постар натпис од ~280 г. ст. е.[5] Сосем очекувано, ова досетливо решение на Ерингтон брзу било оспорено и во голема мера отфрлено.[6] Петнаесетина години подоцна, Е. Гржибек ѝ дава нов живот на истата идеја. Врз основа на неколку клинописни документи од Бабилонија, Гржибек се обидува да докаже дека Антигон Едноокиот – а со него и Деметриј Полиоркет – не го датирале своето владеење од прогласувањето за кралеви во 306 г. ст. е., туку од смртта на Филип Аридај во 317/6 г. ст. е.; според оваа логика, натписот од

[1] Во оваа прилика би сакале да му се заблагодариме на професорот Јури Кузмин, кој несебично и без одлагање ни прати примерок од неговата монографија посветена на беројската аристократија.

[2] Manolis Andronikos, *Ἀρχαῖαι ἐπιγραφαὶ Βεροίας*, Thessaloniki, 1950, no. 1; *ISE* 109. *V.*: прилогот на крајот од трудов.

[3] William L. Westermann, *The Slave Systems of Greek and Roman Antiquity*, Philadelphia, 1955, 35; David Lewis, „Slavery and Manumission“, 11–14. https://www.academia.edu/5172891/Slavery_and_Manumission.

[4] E.g.: *BE* 1951, no. 136.

[5] Robert M. Errington, „An inscription from Beroea and the alleged co-rulle of Demetrius II“, *AM* 2, 1977, 115–122.

[6] Frank W. Walbank, in: Nicholas G. L. Hammond & Frank W. Walbank, *A History of Macedonia*, vol. 3, Oxford, 1988, 317–318 (понатаму Walbank in: *HM 3*).

Бероја би требало да се датира во 291 или 290 г. ст. е., во време кога Полиоркет не само што е сѐ уште жив, туку и сѐ уште владее со Македонија.[7] Во контекст на сето она што го знаеме за Антигон Еднооиот, оваа претпоставка не е невозможна, особено зашто се јавуваат слични колебања и во системите на броење и датирање на Селевк I и на Птолемај I;[8] но изгледа дека овој систем се применувал само во одредени делови од државата и, веројатно, само до 306 г. ст. е., кога Антигон Еднооиот и официјално се прогласил за крал.[9] Ако, пак, зборуваме за Деметриј Полиоркет – иако и тука има паралели со системот на Антиох I,[10] теоријата не е најубедлива, зашто е извесно дека Полиоркет уште од самиот почеток ги броел годините на владеење од славната победа кај кипарска Саламина и од земањето кралска титула.[11] Без оглед на тоа какви предности носело прикажувањето на фиктивен континуитет од владеењето на Филип III Аридај, тие предности несомнено бледнееле пред политичката и идеолошката тежина на чинот на земање кралска титула – особено зашто, во случајот на Антигон Еднооиот и Деметриј Полиоркет, станувало збор за непосредна придобивка од големата победа кај кипарска Саламина.[12] Иако сѐ уште нема ниту еден недвосмислен доказ дека Деметриј ги броел годините на владеење исклучиво од 306 г. ст. е.,[13] во исто време нема никаков, дури ниту посреден доказ дека ги броел од 317/6 г. ст. е.

---

[7] Erhard Grzybek, „Eine Inschrift aus Beroea und die Jahreszählweisen der Diadochen“, *AM* 5, 1993, 521–527.

[8] Tom Boiy, „Dating Problems in Cuneiform Tablets concerning the Reign of Antigonus Monophthalmus“, *JAOS* 121.4 (2001), 645–649; Id., „Date Formulas in Cuneiform Tablets and Antigonus Monophthalmus, Again“, *JAOS* 129.3 (2009), 467–476; Günther Hölbl, *A History of the Ptolemaic Empire*, London & New York, 2001, 20–22, 32.

[9] Yuri N. Kuzmin, „The Antigonids, Caunus and the so-called ‘Era of Monophtalmus’: Some Observations Prompted by a New Inscription“, in: Valerij Goušchin & Peter J. Rhodes (eds.), *Deformations and Crises of Ancient Civil Communities*, Stuttgart 2015, 76–78.

[10] Tom Boiy, „Date formulas…“, 476, n. 29.

[11] Yuri N. Kuzmin, „The Antigonids, Caunus...“, 78–79.

[12] Класична расправа за значењето на самиот чин на прогласувањето на дијадосите за кралеви останува трудот на Erich S. Gruen, „The Coronation of the Diadochoi“, in: John W. Eadie & Josiah Ober (eds.), *The Craft of the Ancient Historian. Essays in Honor of C. G. Starr*, Lanham, 1985, 253-271. *cf.* Albert B. Bosworth, *The Legacy of Alexander. Politics, Warfare, and Propaganda under the Successors*, Oxford, 2002, 246–278.

[13] Ваков неоспорен доказ би можел да биде натписот од Дион, на кој некој македонски крал во 16. година од своето владеење решава територијален спор меѓу Фера и Деметријада. Генерално се веруваше дека станува збор за Филип V, но М. Хасопулос врз основа на палеографски критериуми се обиде да докаже дека, всушност, станува збор за Деметриј Полиоркет (*BE* 2000, no. 453.5). Ако ова е точно, натписот би се датирал во 290 г. ст. е. и би бил дефинитивен доказ за тоа дека Деметриј Полиоркет ги броел годините на владеење исклучиво од „годината на Саламина“. Но, колку и да е привлечна и прифатена теоријата во општи рамки, датирањето сепак останува оспорено, така што сѐ уште не би требало да се користи како клучен аргумент во целата дискусија.

Ова е важно зашто во новото и подетално читање на натписот од Бероја М., Хасопулос успева да прочита уште неколку реда во кои, меѓу другото, се спомнуваат и кралот и кралицата.[14] Фила, сопругата на Деметриј Полиоркет, се самоубила во очај во 288 г. ст. е., кога нејзиниот сопруг ја загубил власта во Македонија,[15] па секако не би била спомната на натпис што, според предлогот на Р. Eрингтон, би се датирал во 280 г. ст. е. Според сево ова, сè додека ја отфрламе теоријата на Е. Гржибек, натписот од Бероја може да се однесува исклучиво на Деметриј II.[16]

2. Иако е јасно дека предлогот на Ерингтон – барем во неговиот првичен облик –може со сигурност да се отфрли, аргументите што ги наведува против претпоставката на Андроникос сè уште не се разрешени. Имено, на некои натписи од времето на Антигон Гоната на кои би очекувале да се спомне и совладетелот Деметриј, такво нешто нема, а пак некои натписи од времето на Деметриј II покажуваат дека тој ги броел годините на владеење од смртта на својот татко.

Така, од Македонија се зачувани одговорите на Пела, Касандреја, Амфипол и на Филипи по барањето на Кос да се признае асилија за светилиштето на Асклепиј и на новите панхеленски игри во чест на богот. На натписот од Пела воопшто не се спомнува македонскиот владетел; на натписите од Касандреја и од Филипи се спомнува само Антигон Гоната;[17] а на натписот од Амфипол не само што се спомнува Гоната туку е дадена и неговата година на владеење – „βασιλεύοντος Ἀντιγόνου ἔτους ἑνὸς καὶ τεσσαρακοστοῦ“ (четириесет и првата година од владеењето на Антигон).[18] Одамна е утврдено дека Антигон Гоната ги броел годините на владеење од смртта на Деметриј Полиоркет, односно од 283/2 г. ст. е.,[19] па натписот од Амфипол може прецизно да се датира во 243 г. ст. е. и, во тој случај, би очекувале да се спомне и совладетелот. Но, не само што никаде не се спомнува Деметриј туку од натписите е сосем јасно дека пратениците покажале наклоност единствено кон Антигон, а дека одлуките на градовите се донесени во согласност со желбите на кралот – а не на кралевите.[20]

---

[14] Miltiades B. Hatzopoulos, „Un nouveau document du règne d’Antigone Gonatas“, *Poikila*. (Meletemata 10), 1990, 147 n. 51. *EKM* 1.45, ll. 27–28: προστάτας δὲ ἡγοῦνται καὶ βασιλέα καὶ βασίλισσαν.

[15] Plut., *Dem.*, 45.1.

[16] *Contra* Andrew Meadows, „The Ptolemaic League of Islanders“, in: Kostas Buraselis, Mary Stefanou & Dorothy J. Thompson (eds.), *The Ptolemies, the sea and the Nile: studies in waterborne power*, Cambridge, 2013, 23, според кого, спомнувањето на кралицата е дефинитивен доказ за тоа дека станува збор за Деметриј II, зашто независно од тоа кој систем на сметање го користел Деметриј Полиоркет, до 27. година од неговото владеење Фила веќе би била мртва. Но, според предлогот на Гржибек, натписот би се датирал во 291/290 г. ст. е., односно пред смртта на Фила.

[17] Kenneth J. Rigsby, *Asylia: Territorial Inviolability in the Hellenistic World*, Berkeley & Los Angeles, 1996, nos. 23, 25, 27.

[18] *Ibid.*, no. 26.

[19] Mortimer Chambers, „The First Regnal Year of Antigonus Gonatas“, *AJPh* 75.4 (1954), 385–394.

[20] Robert M. Errington, „An inscription from Beroea...“, 118.

Кон ист заклучок водат и добро познатите писма на Деметриј до Харпал, веројатно епистатот на Бероја, а кои се однесуваат на светиот имот на Херакле.[21] Впечатливо е тоа што Деметриј лично решава за спорните прашања, но во писмата никаде не се спомнува неговата кралска титула; напротив, тие се датирани исклучиво по годините на владеење на Антигон Гоната. Овој факт му ја одзема убедливоста на мислењето на Ј. Кузмин дека токму овие писма се неоспорен доказ за совладетелството меѓу Гоната и Деметриј II;[22] поверојатно изгледа мислењето на М. Хасопулос дека, всушност, станува збор за состојба во која Деметриј дејствува како регент во име на Гоната.[23]

3. Посебен проблем претставува натписот од Делос со кој се втемелува празникот *Деметриеи* по примерот на веќе постоечките *Антигонеи*.[24] Натписот обично се датира ~306/5 г. ст. е., непосредно по победата кај кипарска Саламина, така што би требало да се однесува на Антигон Едноокиот и на Деметриј Полиоркет. Но датирањето неодамна беше оспорено од А. Медоус, кој се обиде да докаже дека којнонот на Островјаните не бил основан од Антигон Едноокиот, туку од Птолемај II, така што овој натпис би се однесувал на Антигон Гоната и на Деметриј II.[25] Ако ова е точно, тогаш најпосле добиваме пример каде Гоната и Деметриј II се спомнуваат заеднички како кралеви. Без подетално да ја разгледуваме историјата на којнонот на Островјаните,[26] тука накусо ќе се задржиме само врз проблемот на датирањето на натписот.

Поради своите особености, натписите од Делос се особено проблематични за датирање само врз палеографски критериуми. За ова сведочат повеќе примери каде што датирањето, претпоставено единствено врз основа на обликот на буквите, подоцна морало да се исправа.[27] Одлична слика за ова е двоумењето на првиот издавач Ф. Дирбах, кој најпрвин го датирал кон средината на III век ст. е., вклучително и во деценијата до 240 г. ст. е.,[28] за подоцна да се премисли и да заклучи дека натписот може да се датира и на крајот од IV век ст. е., иако обликот на буквите е најблизок до оние од ~275 г. ст. е.[29] И К. Бураселис, кој го

[21] *ЕКМ* 1.3. *В*. прилогот на крајот од трудов.

[22] Yuri N. Kuzmin, „The Antigonids, Caunus...“, 74–75 n.8.

[23] Miltiades B. Hatzopoulos, *Macedonian Institutions under the Kings*, v.1 (Meletemata 22), Athens, 1996, 417.

[24] Félix Durrbach, *Choix d’inscriptions de Délos*, Paris, 1921-23, no.13 = *IG* XI 4.1036.

[25] Andrew Meadows, „The Ptolemaic League...“, 19–38.

[26] *V*.: Richard A. Billows, *Antigonos the One-Eyed and the Creation of the Hellenistic State*, Berkeley & Los Angeles, 1997, 220-225; Kostas Buraselis, *Das hellenistische Makedonien und die Ägäis. Forschungen zur Politik des Kassandros und der drei ersten Antigoniden im Ägäischen Meer und in Westkleinasien*, München, 1982, 41–43, 60–87; Irwin L. Merker, „The Ptolemaic Officials and the League of the Islanders“, *Historia* 19.2 (1970), 141–160.

[27] Анализа и примери кај: Gary Reger, „The Political History of the Kyklades 260-200 B.C.“, *Historia* 43.1 (1994), 35–39.

[28] Félix Durrbach, „Fouilles de Délos (1902). Inscriptions“, *BCH* 28 (1904), 105.

[29] Id., „ΑΝΤΙΓΟΝΕΙΑ-ΔΗΜΗΤΡΙΕΙΑ: Les origines de la Confédération des Insulaires“, *BCH* 31 (1907), 210–211.

проучил натписот лично, се согласува дека датирањето во втората половина на III век би требало да се отфрли,[30] но, веројатно, не можеме да одиме подалеку од тоа. Згора на сѐ, воопшто не сме сигурни што точно пишува во клучниот дел на крајот од натписот (ред. 45–46). Празнината обично се пополнува со изразот „παρὰ τὸν βω[μὸν τῶν βασιλέω]ν“, но предложено е и дополнувањето „παρὰ τὸν βω[μὸν τῶν Σωτήρω]ν“.[31]

Датирањето што го предлага Медоус врз основа на историскиот контекст не е убедливо. Иако го прифаќа периодот ~262 – 257 г. ст. е. како можен почеток на заедничкото владеење, Медоус ја претпочита долната граница, кога Деметриј, најверојатно, навршил 18 години и кога сѐ уште функционалниот којнон на Островјаните се нашол под македонска контрола.[32] Но, делоските натписи и општиот развојот на настаните навестуваат дека лагидската контрола на Кикладите не била заменета со македонска, како што верува Медоус, туку со родоска, иако и таа потрајала само неколку години.[33] Гоната ниту воспоставил, ниту пак тежнеел да воспостави целосна контрола над Кикладите, па не е јасно на кој начин, во тие услови, би продолжил да функционира којнонот на Островјаните, и тоа сега под македонска контрола. Ништо поиздржан не е ниту обидот на Ф. Ландучи да го оспори датирањето на Медоус врз основа на тоа што станува збор за доделување на божествени почести:[34] претпоставката дека Гоната не го поддржувал доделувањето божествени почести не е толку цврста колку до пред неколку децении, зашто декретот од Рамнунт[35] (а можеби и оној од Иос, ако се однесува на Гоната, а не на Антигон Едноокиот[36]) со сигурност укажува на тоа дека Гоната сепак примил божествени почести од атинскиот демос.

Како и да стојат работите по прашањето за божествените почести на Гоната, поврзувањето на натписот од Рамнунт со оној од Делос му создава сериозни проблеми на датирањето на Медоус, но не на начинот на којшто мисли Ландучи. Имено, натписот од Рамнунт се датира во периодот ~262 – 245 г. ст. е., со тоа што за најверојатни датуми се земаат 255 г. ст. е. (по повлекувањето на низа македонски воени посади од Атика и нормализирањето на политичкиот систем)[37] или 245 г. ст. е. (по завршувањето на војната со

[30] Kostas Buraselis, *Das hellenistische Makedonien...*, 63 n.105.

[31] Ernest Will, *Exploration archéologique de Délos faite par l'École Française. Le Dôdékathéon*, Paris, 1955, 172.

[32] Andrew Meadows, „The Ptolemaic League...“, 37–38.

[33] *V.*: Gary Reger, „The Political History...“, 41–43.

[34] Franca Landucci, „The Antigonids and the Ruler Cult: Global and Local Perspectives?“, *Erga - Logoi* 4.2 (2016), 39–60.

[35] Vasileios Ch. Petrakos, *Ho dēmos tou Ramnountos. Synopsē tōn anaskaphōn kai tōn ereunōn (1813-1998), II. Hoi epigraphes*, Athenai, 1999, no. 7.

[36] Cf.: Christian Habicht, „Divine Honors for King Antigonus Gonatas in Athens“, *in* Christian Habicht, *The Hellenistic Monarchies: sellected papers*, Ann Arbor, 2006, 285–288.

[37] *Ibid.*, 287–288.

Александар Кратеров).[38] Во секој случај, натписот треба да се датира по 257/6 г. ст. е.,[39] што е долната граница за почетокот на совладетелството на Гоната и Деметриј и за предложеното датирање на Медоус. Ако Гоната и Деметриј II веќе добиле заеднички божествени почести на Делос, зошто истото не било сторено и во Атина? Ова прашање е нерешлив проблем за предлогот на Медоус. Подоцна во своето владеење, најверојатно во 235/4 г. ст. е., Деметриј II навистина ќе му биде придодаден на култот на Гоната во Атина.[40] Совладетел или не, Деметриј II очигледно не бил вклучен во божествените почести на неговиот татко во Атина, што е мошне чудно ако тоа веќе било направено на Делос.

Станува повеќе од очигледно дека современите историчари се определуваат за одреден датум според сопственото видување на историските прилики и соодветниот контекст, но ова никако не може да биде сигурен метод на датирање. Во секој случај, јасно е дека сè уште има премногу нејаснотии во врска со овој натпис за да може да послужи како сигурен аргумент во дискусијата за заедничкото владеење на Антигон Гоната и Деметриј II.

4. Заклучивме дека на натписите од времето на Гоната нема ниту трага од наводното совладетелство со Деметриј II; во извесна мера, ова е неочекувано, зашто совладетелите вообичаено се јавуваат на официјалните документи и кај Селевкидите и кај некои од Лагидите,[41] а најпосле и во случајот на Антигон Еднооокиот и Деметриј Полиоркет.[42] Ј. Кузмин се обидува да го релативизира проблемот преку споредбата со Птолемај II, кој исто така не бил вклучен во формулите за датирање додека бил совладетел со својот татко.[43] Но, Птолемај II бил прогласен за совладетел во декември или во јануари 285/4 г. ст. е.,[44] односно само две години пред смртта на Птолемај I;[45] Деметриј II би требало да е совладетел најмалку осумнаесет години (ако се смета според долната граница, 257 – 239 г. ст. е.) а можеби и подолго, па неговото отсуство од официјалните документи претставува неспоредливо поголемо изненадување во однос на она на Птолемај II.

---

[38] Ioanna Kralli, „The Date and Context of Divine Honours for Antigonos Gonatas: A Suggestion“, in Olga Palagia & Steven V. Tracy (eds.), *The Macedonians in Athens, 322-229 B.C.*, Oxford, 2003, 61–66.

[39] Со оглед на тоа што Гоната на натписот се спомнува како „спасител на народот“ и „добротвор на Атињаните“, периодот непосредно по Хремонидовата војна, веројатно, може да се исклучи како можен датум. Колкава и да била сервилноста на Атињаните кон победникот во војната и господар на Атина, тешко е да се замисли дека непосредно по завршувањето на војната би го нарекле Гоната „спасител“ и „добротвор“.

[40] Vasileios Ch. Petrakos, *Ho dēmos*..., no. 17.

[41] Одбрани примери и извори кај: Yuri N. Kuzmin, „The Antigonids, Caunus...“, 81 n.36.

[42] E.g.: *ISE* 7; *Syll.*³ 350, 351; *SEG* 1.357.

[43] Yuri N. Kuzmin, „The Antigonids, Caunus...“, 75.

[44] Günther Hölbl, *Ptolemaic Empire*…, 24–25.

[45] Птолемај II бил прогласен за фараон на 7 јануари 282 г. ст. е.

5. Сам за себе, овој аргумент не е доволен за да се оспори претпоставеното совладетелство на Гоната и Деметриј II, особено ако се земе предвид малобројноста на епиграфските и делумната зачуваност на наративните извори. Многу поголем проблем претставуваат натписите од времето на Деметриј II, кои јасно и недвосмислено покажуваат дека тој ги броел годините на владеење од смртта на Антигон Гоната и воопшто не ги земал предвид годините на наводното совладетелство. Ова е дотолку поважно зашто е посведочено на два натписи чие датирање воопшто не е спорно.

Првиот натпис се однесува на склучувањето сојуз меѓу Деметриј II и Гортина, а се датира во третата година од владеењето на Деметриј Антигонов („βασιλεύοντος Δημη[τρίου] [τοῦ Ἀν]τιγόνου ἔτους τρίτου“),[46] односно во 237/6 г. ст. е. Иако натписот е фрагментарен и не се зачувани главните клаузули, споредбата со сличните договори што подоцна Антигон Досон ги склучил со Елевтерна и Хиерапитна покажува дека една од главните цели на сојузот било испраќањето „сојузнички“ одреди, односно наем на критски платеници.[47] Натписот, очигледно, треба да се стави во контекст на Војната на Деметриј, што во тоа време Македонија ја водела против Ајтолскиот и Ахајскиот којнон.[48] Вториот натпис, кој потекнува од Перајбија, содржи писмо на некој Филоксен до Деметриј II со барање за доделување земјопосед, а се датира ~233 г. ст. е.[49] На натписот се спомнува дека пред да го прати писмото, Филоксен лично се сретнал со Деметриј II во шестата година од неговото владеење (234/3 г. ст. е.), па издавачите претпоставуваат дека натписот е поставен најмалку една година по посетата.[50] И во овој случај, најважно е тоа што имаме уште еден натпис каде што годините на владеење на Деметриј II се бројат од смртта на Гоната.

Токму овие два натписи се најголемата пречка за да се прифати претпоставката дека Деметриј II бил совладетел на Антигон Гоната. Отфрлајќи го предлогот на Ерингтон, Ф. Волбанк претпоставува дека Деметриј II бил совладетел, но не бил вклучен во официјалното броење на годините, а дека авторите на натписот од Бероја, кој по природа е приватен документ, наводно решиле на своја рака да го датираат според неофицијалното броење на годините.[51] Ваквото решение не може да биде убедливо; не е јасно зошто еден документ – независно од тоа дали е државен или приватен – би се датирал според неофицијален и практично непостоечки систем, особено што претходните два натписи сведочат дека системот на Деметриј II е сосема јасен и веројатно му бил познат секому. Од друга страна, Ј. Кузмин претпоставува или дека имало

---

[46] *IC* IV 167, ll.1-2. *В.* прилогот на крајот од трудов.

[47] Walbank in: *HM* 3, 325.

[48] Joseph B. Scholten, *The Politics of Plunder: Aitolians and their Koinon in the Early Hellenistic Era, 279-217* BC., Berkeley, 2000, 131–163; Walbank in: *HM* 3, 324–335.

[49] Athanassios Tziafalias & Bruno Helly, „Inscriptions de la Tripolis de Perrhébie. Lettres royales de Démétrios II et Antigone Dôsôn“, *Studi Ellenistici* 24 (2010), 72–84. *V.* прилогот на крајот од трудов.

[50] *Ibid*., 73.

[51] Walbank in: *HM* 3, 318. Cf. Юрий Н. Кузьмин, *Аристократия Берои в эпоху эллинизма*, Москва, 2013, 123.

два напоредни системи на броење или пак дека во еден миг, по шестата година од неговото самостојно владеење, Деметриј II почнал да ги брои годините на владеење од почетокот на совладетелството – претпоставка што ја поткрепува со сличниот пример на Птолемај II.[52] Иако навидум се слични, примерите на Птолемај II и на Деметриј II суштествено се разликуваат. Птолемај II почнал да ги брои годините од почетокот на своето самостојно владеење, но мошне бргу го сменил системот и ги додал и годините на совладетелство, најверојатно поради ривалството со Птолемај Кераун, негов постар брат и можен соперник за престолот, но и поради внатрешните проблеми со кои се соочил веднаш по доаѓањето на власт.[53] Ова не може да ни објасни зошто Деметриј II би го менувал броењето на годините, и тоа сразмерно доцна во текот на своето владеење – иако, колку што знаеме, немал никакви неприлики при наследувањето.[54] Решението на Кузмин е мошне привлечно и ги усогласува изворите што ни се на располагање; но поради сево ова, а и зашто се темели врз само еден натпис, тоа сè уште останува само хипотеза.

6. Дополнителен проблем е и фрагментарноста на изворите за овој период: бројот на натписи постепено се зголемува, но средината на III век ст. е. и натаму останува голема загатка.[55] Затоа и не е особено чудно што претпоставеното совладетелство на Гоната и Деметриј II не оставило речиси никакви траги во наративната традиција. Единствен исклучок е еден податок кај Полиајн, извор чија вредност честопати е спорна. Според неговата приказна, по смртта на Александар Кратеров, Гоната ѝ понудил на неговата вдовица Никаја да се омажи за Деметриј; заведена од можноста да се омажи за крал, таа ја прифатила понудата, но Антигон ги искористил свеченостите за ненадејно да го нападне и да го освои Акрокоринт.[56] Податокот на Полиајн – дека Деметриј тогаш бил крал – би имал некаква тежина ако не беше зачуван и подеталниот приказ на Плутарх,[57] во кој се забележуваат одредени разлики;[58] тие не се должат на користењето различни извори за приказната, туку поскоро на скратувањето на описот на Плутарх или на заедничкиот извор, најверојатно

---

52 Юрий Н. Кузьмин, *Аристократия Берои…*, 121–122.

53 Richard A. Hazzard, „The Regnal Years of Ptolemy II Philadelphos", *Phoenix* 41.2 (1987), 140–158, особено 148–152.

54 И самиот автор е свесен за оваа слабост во теоријата: Юрий Н. Кузьмин, *Аристократия Берои…*, 122.

55 Cf.: W. W. Tarn, *Antigonos Gonatas*, Oxford, 1913, 4 – извадокот кој послужи како воведен цитат во овој труд. Дури и по повеќе од едно столетие, заклучокот на Тарн сè уште е издржан.

56 Polyaen., *Strategem.*, 4.6.1. За историските прилики при освојувањето на Коринт с. 245 г. ст. е. V.: Walbank in: *HM* 3, 303–307.

57 Plut., *Arat.*, 17.

58 Така, на пример, според Полиајн, Антигон го освоил Акрокоринт бидејќи стражарите биле опиени и ја занемариле должноста. Според Плутарх, пак, тие биле изненадени од појавата на Гоната и едноставно ги отвориле портите.

Филарх.[59] Плутарх не зборува за брак со крал, туку за „γάμος βασιλικός“, што не мора да значи дека Деметриј е веќе крал, туку едноставно дека преку бракот со престолонаследникот Никаја ќе влезе во најтесниот круг на кралското семејство.[60] Затоа податокот на Полиајн мора да се земе *addito salis grano* и барем засега да не се користи како решавачки аргумент во прашањето за совладетелството на Гоната и Деметриј II.

Најпосле, и Полибиј тврди дека Деметриј II владеел десет години;[61] обидот да се емендира текстот – односно *μόνον* да се замени со *μόνου* – со цел да се докаже дека Деметриј владеел *самостојно* десет години е неубедлив и контекстуално непотребен,[62] а истата традиција ја пренесува и Плутарх.[63] Евзебиј (односно Порфириј) наведува само десет години за владеењето на Деметриј II;[64] но изворот е премногу доцнежен, а згора на сè, токму тука или Порфириј, или Евзебиј или пак некој од подоцнежните препишувачи направил вистинска збрка, па на Деметриј II му припишува постапки на Деметриј „Убавиот“, полубратот на Антигон Гоната, така што и овој извор, земен сам за себе, е бесполезен. Најпосле, доаѓаме и до очајно нејасниот Ајлијан, кој не спомнува конкретно совладетелство, но како да навестува дека и синот на Гоната – чие име не е спомнато, а можеби станува збор за Алкионеј – имал некаква власт над поданиците.[65]

7. Во крајна линија, проблемот можеби лежи во нашиот пристап и во начинот на кој е поставено прашањето. Иако е вообичаен во другите хеленистички монархии, концептот на совладетелство не е карактеристичен за Антигонидите, а појавата е неоспорно посведочена само во случајот на Антигон Еднооксиот и Деметриј Полиоркет. На формален план, Антигон Досон и Филип V не биле совладетели, ниту пак подоцна Филип и Персеј, иако е сосем извесно дека Персеј долго време учествувал во исцртувањето на политичките определници и во управувањето со државата.[66] Примерот на Персеј е особено впечатлив зашто, ако го прогласел за совладетел, Филип ќе се поштедел себеси од сериозни неприлики во сопствениот дом и можеби ќе го избегнел судирот меѓу синовите; но кралот никогаш не посегнал по совладетелството како официјална институција, а неформалното совладетелство од ваков вид никако не може да се примени во датирањето на натписот за манумисија, од каде што почна целата расправа.

---

[59] Eran Almagor, „The *Aratus* and the *Artaxerxes*“, in: Mark Beck (ed.), *A Companion to Plutarch*, Malden – Chichester, 2014, 278–291.

[60] *Pace*: William H. Porter, „Aratus of Sicyon and king Antigonus Gonatas“, *Hermathena* 20.45 (1930), 307.

[61] Polyb., 2.44.2: Δημητρίου δὲ βασιλεύσαντος δέκα μόνον ἔτη *κτλ*..

[62] V.: Юрий Н. Кузьмин, *Аристократия Берои…*, 110 n.6.

[63] Plut., *Aem. Paul.*, 8.2.

[64] Porph., *BNJ* 260 F 3(13).

[65] Aelian., *VH*, 2.20. Юрий Н. Кузьмин, *Аристократия Берои…*, 120–121 n.33.

[66] V.: Юрий Н. Кузьмин, *Аристократия Берои…*, 111 n. 7.

Во недостиг на подобро решение, кон сево ова може да се пристапи и на еден поинаков начин. Имено, една од одликите на совладетелството кај Селевкидите е територијалната поделба на надлежностите.[67] Овој пристап потсетува на праксата што повремено ја среќаваме уште во времето на Аргеадите – поточно, примерот на Александар I, кој им доделил *arkhai* на барем тројца од синовите,[68] и на Пердика III, кој му доделил област за управување на помладиот брат Филип II.[69] Слично постапил и Деметриј Полиоркет, кој заминувајќи да се соочи со Пир и со Лисимах во Македонија, го оставил Антигон Гоната во Хелада,[70] несомнено со некакви официјални задолженија. Дали и во случајот на Деметриј II би требало да размислуваме за некаква слична алокација на обласна власт, овој пат со центар во Бероја?[71] Во тој случај, датирањето на натписот за манумисија би можело да се протолкува како локално броење на годините на Деметриј, што би произлегувало од неговото долготрајно управување во областа.

Вистина е дека нема ниту еден непосреден доказ за вакво нешто и дека оваа претпоставка почива исклучиво врз комбинација и усогласување на низа собития и процеси кои, при сè што добро се вклопуваат во сликата, не можат да го посведочат постоењето на некаква беројска *arkhe* на Деметриј II. Единствената предност на ова решение е што нема потреба ниту да се редатираат натписите, ниту да се заговара постоење на два напоредни официјални системи на броење години, ниту пак да се претпоставува реформа на истиот систем релативно доцна во владеењето на Деметриј II. Зошто токму Бероја и нејзината околина? Секако дека двата натписи кои сведочат за интересите на Деметриј на таа територија не се доволен аргумент. Значењето на Бероја значително се зголемило во времето на Антигонидите, а останало такво и во римско време, кога Бероја била сметана за втор град во провинцијата, по Тесалоника.[72] За значењето на градот зборува и податокот на Плутарх – дека токму освојувањето на Бероја од страна на Пир во 288 г. ст. е. го уништило моралот на војската на Полиоркет.[73] И за време

---

67 Обично во горните сатрапии, или – како во случајот на Антиох Хиеракс – во Мала Азија. *V.*: Susan Sherwin-White & Amélie Kuhrt, *From Samarkhand to Sardis: A new approach to the Seleucid empire*, Berkeley, 1993, 23–28.

68 J. W. Cole, „Perdiccas and Athens“, *Phoenix* 28.1 (1974), 55–57; В. Саракински, „Филип, кој (не) сакаше да кралува“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет* 69 (2016), 137–153.

69 *Pace:* Griffith in: Nicholas G. L. Hammond & Guy T. Griffith, *A History of Macedonia*, vol. 2, Oxford, 1979, 206–208.

70 Plut., *Dem.*, 44.4.

71 Cf.: Frank W. Walbank, „Macedonia and the Greek Leagues“, in: *CAH*² VII.1, 446, кој остава можност дека Деметриј II бил посебно задолжен за северните граници. Му благодариме на професорот Кузмин, кој ни го посочи ова толкување на Ф. Волбанк.

72 Charles F. Edson, „The Antigonids, Heracles, and Beroea“, *HSCPh* 45 (1934), 213–246; Argyro B. Tataki, *Ancient Beroea: prosopography and society* (Meletemata 8), Athens, 1988, 41-45; Юрий Н. Кузьмин, *Аристократия Берои…*, 23-37

73 Plut., *Dem.*, 44.5. Walbank in: *HM* 3, 227–229; Pierre Lévêque, *Pyrrhos*, Paris, 1957, 153–158.

на вториот напад, во 274 г. ст. е., Пир освоил некои македонски градови уште пред битката против Гоната кај Стена, а 2000 војници преминале на страната на епирскиот владетел;[74] иако овие градови, бездруго, се наоѓале позападно од Бероја,[75] јасно е дека целата поширока територија била нестабилна и ранлива при напад од Епир.[76] Според сè, не би требало да нè зачуди ако Бероја и околината добивале посебно внимание од Гоната, кој добро го помнел и прогонувањето на Полиоркет, но и сопствените неприлики со Пир во 274 г. ст. е.

Интересно е тоа што Деметриј II за првпат го среќаваме токму во контекст на една војна против Епир – овој пат против Александар Пиров, кој се обидел да го искористи отсуството на Гоната и неговата зафатеност во Хремонидовата војна.[77] Според Јустин, Антигон веднаш се вратил во Македонија, но претрпел пораз и останал без војска; иако сè уште бил момче, неговиот син Деметриј собрал нова војска, го поразил Александар и дури го исфрлил од Епир.[78] Во збрканиот приказ на Јустин очигледно се мешаат различни настани: поразот на Гоната и загубата на Македонија се однесуваат на поразите од Пир и од Птолемај Пиров, кого Гоната неуспешно се обидел да го изгони следната година. Сепак, и Полиајн сведочи дека состојбата била навистина сериозна и дека Гоната бил принуден да се врати во Македонија.[79] Со оглед на тоа што подоцна, во 199 г. ст. е., и тринаесетгодишниот Персеј ќе биде поставен за номинален заповедник на еден дел од војската,[80] независно од тоа колку е збркан приказот на Јустин, не треба однапред да се отфрла податокот дека во собитијата бил вклучен и Деметриј, макар и само номинално.

За западните интереси и врски сведочи и политиката на Деметриј II во текот на неговото самостојно владеење. Кусо време откако ја презел власта, Деметриј се впуштил во војна против Ајтолците и Ахајците со цел да го реши прашањето на Епир и Акарнанија. Ова претставува драматичен *volte-face* во однос на политиката на Гоната, кој не само што го толерирал ширењето на Ајтолците, туку кон крајот на владеењето склучил со нив и некаков договор за заедничка борба против Ахајците.[81] Слично би требало да се протолкува и

[74] Plut., *Pyrr*., 26.5–9; Paus., 1.13.2; Just., 25.35. Walbank in: *HM* 3, 259-262; Pierre Lévêque, *Pyrrhos*, 561-563.

[75] Иако нема согласност за локацијата на Стена, повеќето истражувачи ја лоцираат во граничните области; дури и Волбанк, кој се залага за нешто поисточна местоположба, ја претпочита Клисура источно од Костур. За различните мислења *v.*: Pierre Lévêque, *Pyrrhos*, 561–562; Walbank in: *HM* 3, 261.

[76] Можеби и не е случајно што токму Бероја прва ќе им се предаде на Римјаните по катастрофата кај Пидна во 168 г. ст. е. (Liv., 44.45.5.).

[77] За евентуалните мотиви на Александар v.: S. Panovski, „The Invisible Fleet: Antigonid naval operations in the Khremonidean war“, *Haemus* 1 (2012), 80 n.50.

[78] Just., 26.2.9-3.1.

[79] Polyaen., 4.6.20, со анализата на Heinz Heinen, *Untersuchungen zur hellenistischen Geschichte des 3. Jahrhunderts v. Chr. Zur Geschichte der Zeit des Ptolemaios Keraunos und zum Chremonideischen Krieg*, Wiesbaden, 1972, 177–180.

[80] Liv., 31.29.5.

[81] Joseph B. Scholten, *The Politics of Plunder*…, 93; Walbank in: *HM* 3, 310–311.

одлуката на Деметриј II во 239 г. ст. е., на самиот почеток од владеењето,[82] да ја изгони својата прва сопруга Стратоника и да се ожени со епирската принцеза Фтија – одлука што носела прилично голем ризик зашто постоела опасност да се нарушат односите со Селевкидите. Очигледно е дека Деметриј II покажувал необично голем интерес за западната граница и за Епир; но тоа, во основа, е сè што имаме. Ништо друго не упатува на помислата дека Деметриј II бил особено активен на оваа територија, па уште еднаш треба да се потцрта дека идејата за можна беројска *arkhe* на Деметриј е само претпоставка којашто не може да се поткрепи со опредметени докази.

Решението на проблемот за наводното совладетелство на Гоната и Деметриј II не е – а како што стојат работите, и не може да биде – крајна цел ниту на овој, ниту на кој и да е постоен труд посветен на оваа проблематика. Според сè, во моментов е невозможно да се даде конечен одговор. Понудени се неколку досетливи решенија, но повеќето од нив сведочат само за нашата немоќ да ги објасниме и да ги разрешиме противречностите во изворниот материјал. Сè додека не се откријат нови изворни сведоштва, прашањето мора да се остави отворено.

## ПРИЛОГ: ПРЕВОД НА НАЈВАЖНИТЕ НАТПИСИ

*1) Манумисија на робови од Бероја: ЕКМ 1.45.*

*Со добра [vacat] среќа. За време на кралот Деметриј, во годината седма и дваесетта, месец перитиј, под свештенство на Аполонид Главкиев, [vac] ја исплатија својата слобода Козмос, Марсија и Ортикс на Атина, ќерка на Алкета; самите за себеси, [vac] за сопругите [vac] Арнион, Главка, [vac] Хлидана, за децата што сега ги имаат и за оние што ќе им се родат во иднина, како и за сè што поседуваат, по педесет златници секој; [vac] а (А) спаsатија исплати за себеси и за сè што поседува дваесет и пет златници. Ако останат со [vac] Атина сè дури Атина е жива, и ако прават сè што Атина ќе им заповеда, по нејзината смрт имаат слобода да си заминат каде ќе посакаат. [vac] Нема да му е дозволено ниту на Алкета, ниту на сопругата на Алкета, ниту на нивните потомци, ниту на Ларета да ги фати нив или нивните сопруги или децата или Аспаsатија, ниту пак да ги пороби, ниту пак да присвои нешто од нивниот имот под никаков изговор*

[82] Just., 28.1. Теоријата прифатена од повеќе истакнати историчари – дека бракот на Деметриј II и Фтија би требало да се датира ~246 г. ст. е. и дека тоа е, всушност, доказ дека Деметриј веќе бил крал – сега веќе може да се отфрли, зашто почива врз претпоставката дека Александар од Епир умрел најдоцна до 246 г. ст. е. Но, новиот натпис од Левкада, кој би требало да се датира во исто време со претходно спомнатите натписи за асилија од Пела, Касандреја, Амфипол и од Филипи, ни открива дека кусо време пред 240 г. ст. е. Александар сè уште бил жив. Kenneth J. Rigsby & Klaus Hallof, „Aus der Arbeit der *Inscriptiones Graecae* X. Decrees of Inviolability for Kos“, *Chiron* 31 (2001), 342–345; Miltiade B. Hatzopoulos, „ Décrets d’asylie, de Macédoine et d’Epire“, in: Danièle Berranger-Auserve (ed.), *Épire, Illyrie, Macédoine… Mélanges offerts au Professeur Pierre Cabanes*, Clermont-Ferrand 2007, 272–274.

*или пак некој во нивно име; во спротивно ќе бидат слободни, а оној што ги поробил ќе плати за секого од нив [vac] по сто златници, а на кралот [vac] уште по сто за секого. А ако им биде земено нешто нивно, вредноста на земенето да се надомести двојно. Но ако не останат и ако не прават сè што Атина им заповеда, и самите тие и нивните жени и децата, сè дури Атина е жива, на оној што не прави така слободата ќе му биде поништена. Под заштита на кралот и кралицата и на Махата Теогенов и на неговите деца [vac] и на Архип и Бакхил и Дамогнет и Јасонејк. Сведоци се Ајсхилин Аристоклејдов, [vac] Гајтеа Хајрекратов, Махата Филипов, Алкета М[..с.6..]ојков. [некојси, син нечиј], Павсанија Асандров.*

*2) Писмата на Деметриј до Харпал: ЕКМ 1.3.*

*За време на кралот Антигон, во годината шеста и триесетта, откако на Деметриј му се обратија кинегосите Харта Никаноров и Атил Никаноров, беа издадени следниве писма. [vacat] Деметриј го поздравува Харпал. Свештениците на Херакле велат дека дел од храмовните приходи се пренасочени во градската каса. Погрижи се повторно да му се вратат на храмот. Остани со здравје. [vacat] Деметриј го поздравува Харпал. Изгледа дека ослободениците посветувале фијали во светилиштето. Бидејќи се насобраа многу повеќе одошто му треба на храмот, наместо фијали нека посветуваат рогови и скифоси. Остани со здравје. Деметриј го поздравува Харпал. Свештениците на Херакле нека бидат ослободени од истите даноци како и свештениците на Асклепиј. Остани со здравје. Во годината шеста и триесетта, на петнаесетти дистрос.*

*3) Сојузот меѓу Деметриј II и Гортина: IC IV167.*

*Со добра среќа. За време на кралот Деметриј Антигонов, во третата година, во Гортина, кога беа козми Ајталејците [... vac... ] со Аристоним; во присуство на пратеници од Гортина и сојузниците кај кралот Деметриј Антигонов во врска со прашањето за сојуз, Пајтемида [... vac... ] Еврибота [... vac... ] од кај кралот Деметриј пристигна кај Гортинците и сојузниците Ли[... vac... ]атеј [... vac... ] Гортинците, нивните сојузници и кралот Деметриј Антигонов го договорија ова: склучуваме пријателство и сојузништво за навек меѓу кралот Деметриј, Гортинците и другите сојузници [... vac... ] ако [... vac... ] млади[... vac... ] прати[... vac... ]*

*4) Писмото на Филоксен до Деметриј II: A. Tziafalias & B. Helly, „Inscriptions de la Tripolis de Perrhébie. Lettres royales de Démétrios II et Antigone Dôsôn“, Studi Ellenistici 24 (2010), no. 1.*

*Поздрав до кралот Деметриј. Филоксен, граѓанин на Питион, од хетајрите на Хилијархијата на Филип. На моето земјиште се наоѓаат штали за одгледување мулиња не поголеми од четири трпезарии со по седум легла, кои Диоген, отпуштен од економската служба, му ги запиша на Терсон. Затоа дојдов пред тебе во твојата шеста година со барање да ми се препише целиот имот во наследно владеење – а ти, под услов [...траги...].*